

Ненад Величковиќ

# ВИТЕЗ НА ШВЕДСКАТА МАСА

ТЕМПЛУМ

# КОНЦЕРТ ЗА ОБОА И ЃУБРЕ

Стариот Обоист си ја налева третата чашка ракија и по третпат го чита Извршното решение. Како и да се гледа, Општинскиот суд од Ново Сараево му се закануваа дека ќе му го заплени имотот поради долг кон Кантоналното јавно комунално претпријатие „Рад“ од 8,5 конвертибилни марки, за месец ноември 2009, иако таа сметка тој ја има навреме платено и ја држи пред себе валидната потврда за тоа.

Да е Стариот Обоист помлад и да нема лошо искуство со судовите, сега би го затворил шишето, а документите би ги ставил назад во ковертот и би дозволил да заминат во заслужен заборав. Но, државата не е непријател за потценување, дури ни тогаш кога таа е мала, глупава и неспособна. Своевремено, тој ги поседуваше сите признанија, потврди, записници и лиценци за оружје кога се осмели без адвокат (од каде би имал пари за правда!?) да побара поврат на одземеното ловечко оружје на почетокот на војната, за што самата држава го повика; и судот пресуди на негова штета, *без право на жалба*. Биометрискиот пасош го чекаше три месеци, бидејќи претходно мораше да ја смени новата лична карта, зашто на

едно место во личните податоци, наместо запирка, стоеше – цртичка. А кога продаде декар земјиште, се искомплицира преносот на сопственост на имот, бидејќи во старите и новите документи матичниот број се разликуваше во една цифра. И секогаш тој плаќаше за туѓите грешки и пропусти.

И не би тоа да го направи повторно. 8,5 конвертибилни марки не е многу, сосе поштарина би било 10, зошто човек би ризикувал камати и запленување? Но, некој дух (од ракијата) му вели дека правдината е на негова страна и дека господ трипати не помага, но дека четвртиот пат не ги остава на цедило чесните и достоинствени луѓе и пензионерите.

Во мислите Стариот Обоист го превиткува листот и започнува со писмото: „Почитувани...“

Но, кому да го наслови? Има само две имиња на трите споени листови. На едниот, покрај судскиот печат, стои името на стручната соработничка, а на другиот, покрај печатот на КЈКП „Рад“, името на директорот дипл. град. инженер. Стариот Обоист некако претчувствува дека нивните потписи тука фигурираат по службена должност, а не по нивна волја и совест, зашто кога би имале совест и памет, не би се потпишувале на нешто неточно и глупаво. И повторно, до кого да се адресира писмото од кое зависи твојот имот и твојата чест?

За момент, на Стариот Обоист му паѓа на ум идејата да ги тужи Судот и „Рад“, за вознемирување и нанесување душевна болка. (Та, најверојатно во оваа земја немаат душа само префриганите кои на суд се бранат од вистината дека ниту еден чист и чесен човек не може во војната и по војната чисто и чесно да се збогати.) Но, сепак се откажува од тужбата; нема тој ни енергија, ни време, ни пари да отвора фронтови на повеќе страни. Треба само некако да се ослободи од овој товар. *Почитуван Суде...*

Ова е добро. Со големо С. Да се види уважувањето и почитувањето. Не е Судот виновен што во него работат јазовци.

*Почитуван Суде, На ден 3 април 2011 година врачено ми е пред вратата на мојот стан, од страна на непознато момче, на мое име и презиме...*

И тогаш, Стариот Обоист гледа дека до неговото име го нема неговото презиме, дека едно „ч“ е заменето со едно „ќ“. И чувствува како му расте притисокот и крвта му удира во слепоочниците. Сега што да прави? Не може да се жали во име на друг човек. Тоест, јасно е дека тој друг човек е самиот тој, негова е адресата и сите бројки се поклопуваат, но како на Почитуваниот Суд да му објасни дека жив човек не го прави разликата меѓу ч и ќ, кога на тој истиот суд не му е сеедно дали истиот тој човек се родил во село Мокра, запирка, Бела Паланка или во село Мокра – цртичка – Бела Паланка. И сега што: тој пишува

писмо, а Судот вели кој сте вие со „ч“, а пишувате жалба од име на „ќ“? А потоа, утре доаѓаат извршители и велат дека тие немаат ништо ни со „ч“, ни со „ќ“, туку со таа и таа адреса, и со имотот на таа и таа адреса и тие треба да го запленат.

Стариот Обоист тажно погледна низ станот: до која сума ќе стигне со камати овој долг од 8,5 конвертибилни марки за сметка која му е уредно платена, кога ќе дојде време за запленување? Од што последно би се одрекол? Од фрижидерот или телевизорот? Обоата или шпоретот? Ако земат нешто повредно од долгот, враќаат ли кусур? Земаат ли за да се обештетат или за да казнат и понижат? Што ако му ги побараат и иконата и кандилото?

Стариот Обоист одмавнуваа со главата и си дотура уште еден прст од ракијата во чашата. Ако добро го срочи писмово, можеби нема ни да дојде до тоа. Продолжува:

*...Тоест, на мое име и погрешно напишано презиме, со ќ наместо со ч, Извршното решение, потпишано од страна на Д.М., со поука дека против истото, странката, во овој случај јас, може да поднесе приговор во рок од осум дена од приемот на истото.*

Тука Стариот Обоист запира и се загледува во вториот член од поуката: *(Приговорот на Извршното решение не го запира текот на извршната постапка, но го одложува намирувањето на барателот на*

*извршувањето до извршноста на решението за извршување, освен ако со Закон не е поинаку пропишано.)*

Стариот Обоист издишува и си го напипува пулсот. Пулсот му е сè побрз и посилен. А триптизол не оди после четири ракии. Кој ѓавол го тераше да ја отвори вратата?

*Како лаик од областа на правото, не ми е јасно во која насока се одвива текот на извршната постапка ако приговорот го одложува извршувањето на решението без извршност на решението. Сигурен сум дека адвокат би умеел ова лесно да ми го објасни, но не знам зошто тој би го направил тоа бесплатно. А не сум во можност да го платам. Дозволете ми да Ве запознаам со мојата финансиска состојба:*

*А. Приходи:*

*Пензија, 500 КМ*

*Бинго и лото, 20 КМ*

***Вкупно: 520 КМ***

*Б. Расходи:*

*Леб 51 КМ*

*Кафе 7 КМ*

*Масло 3 КМ*

*Јогурт 15 КМ*

*Јаболка 7 КМ*

*Лук 7 КМ*

*Патлиџани 8 КМ*

*Тел. Фиксен 20 КМ*

*Тел. Мобилен 10 КМ*

*Цигари 66 КМ*

*Тиролска 11 КМ*

*Греење 99 КМ*

*Струја 50 КМ*

*Ѓубрарина 8,85 КМ*

*Вода 9 КМ*

*Одржување 42 КМ*

*Лото 20 КМ*

*Бинго 20 КМ*

*Кромид 10 КМ*

*Компир 16 КМ*

*Зелка 5 КМ*

*Карфиол 5 КМ*

*Зачини 5 КМ*

*Месо 44 КМ*

*Риба 44 КМ*

*Персил 10 КМ*

*Омекнувач 7 КМ*

*Детергенти 10 КМ*

*Лекови 80 КМ*

*Чаеви 5 КМ*

*Телевизија 11 КМ*

*Ракија 10 КМ*

*Бензин 40 КМ*

*Тоалет хартија 4 КМ*

*Каладонт 4 КМ*

***Вкупно: 757,85 КМ“***

Стариот Обоист знае дека овој список не спаѓа во правни поднесоци и жалби, и дека правото нема време да се занимава со реалноста. Но, би објаснил некои работи во него. На пример, дека, разликата од 237,85 КМ ја подмирува од црниот фонд, парите од продажбата на викендичката и земјиштето. Но. тој фонд забрзано се троши поради ставки на годишно ниво (регистрација, гуми, родендени, сочувства, дефекти и сл.). Така што е принуден на штедење. Ја намали потрошувачката на луксузни намирници (бензин, алкохол), но во меѓувреме се воведени акцизите, па на крајот сепак најмногу заштедува на храна. Единствено цигарите не ги намали, бидејќи

она што би го заработил на цигарите би го изгубил на антидепресиви.

Лесно им е на оние во парламентот, кога ќе им снема, тие самите себеси си изгласуваат покачување.

А пензионерот единствено што може сам за себе да си изгласа е намалување.

*Но, веќе не би ве заморувал со ова, сакав само да покажам дека не сум во состојба да ангажирам адвокат.*

Стариот Обоист го губи за момент следот на излагањето. Мислите цело време му се враќаат на списокот. Го заборави сирењето. И јајцата. И којзнае што уште! На списокот нема ни весници. Ќе помислат луѓето дека не оди во кино. Навистина, весници не купува откако доцнат по телевизијата, а во кино оди само кога ќе го викнат. Еве, заборавил и билет за превоз. (Поевтино е до град со трамвај, отколку да плаќаш паркинг.) Иако веќе и не оди в град, освен ако мора на суд или на погреб.

Најпаметно би било целиот список да го исфрли, и онака велеважните господа само ќе се потсмеваат со него. Но, како без список да докаже дека нема за адвокат иако не е социјален случај? За момент помисли кон приговорот да ги приложи и своите фотографии од Опатија, Дубровник, Братислава, Неапол, од Сицилија; да види Судот каде сè бил и што сè видел, со кој сè свирел и под чии диригентски

палки. Дека тој не одел секогаш вака, без костум и вратоврска, ако веќе на судот му е поважна формата од суштината. А така е, инаку не би се маскирале во оние вреќи и перики. И не би им праќале на чесните луѓе кои никогаш и никому не останале ни динар должни, опомени и закани дека ќе им ги одземат работите.

Сега Стариот Обоист се сети дека името му стои на срамниот список на должници на домарот и дека би требало да му објасни на Судот како и зошто дошло до тоа, дека пожарот на инсталациите на катот ја зафатил неговата разводна плоча, па тој морал да купи нова, а никој сега не сака тоа да му го признае и да му надомести. Но, истовремено чувствува дека на Судот сето тоа му е неважно и дека никој таму нема време да слуша за Страдивариусовата виолина во стакло и за малиот театар во Кастел – франко Венето. Туку дека овде се работи за долг од 8,85 КМ *под закана од затезните камати со стапка предвидена со Законот за висина на стапката и тоа од денот на доспевањето на секоја поединечна сметка па сè до денот на уплатата, со надомест за трошоците на судската постапка, во износ кој го одредува судот, сè во рок од 8 (осум) дена, под закана од извршител...*

Еве, го поминуваш својот век свирејќи го Моцарт, Бах, Бетовен, а глувонем си пред правдата и државата. Умееш да ги читаш партитурите, а неписмен си пред судот и законот. Држиш некакво извршно

решение во рацете и се прашуваш како е воопшто можно да има некаков закон за висината на каматната стапка, а нема никаков закон за висината на стар човек. (Стариот Обоист се сети дека не напиша печиво; двапати месечно се чести себеси со паштети со сирење; ни јувки не напиша, ни џем од сливи... Ни гаќи, чорапи, поткошули. И тоа се троши...)

Кога сè ќе се собере и одземе, не само што нема за адвокат; нема ниту за поштарина, да прати поднесок, ниту за такса, да го предаде на протокол. Така што нема потреба да му пишува на Судот. Би било подобро да го однесе во весниците. Па ако тие објават, ако Судот прочита, можеби момчето ќе му донесе и решение за разрешување на извршното решение. А можеби ќе прочитаат и ККЈП „Рад“, па ќе ги проверат евиденциите, ќе видат дека згрешиле и сами ќе ја повлечат тужбата. Којзнае, можеби во тие евиденции ќе пронајдат дека во војната бил нивен јуришар, кога од пензија е прекомандуван на задното лево место за стоење на ѓубреџискиот камион. А тие наместо да му се заблагодарат барем со сертификати ако не и со синдикална зимница, му праќаат тужба за веќе платена сметка.

Да! Во приходи требаше да ги наброи и пензионерските пакети, кои секоја година, ако не се сметаат последните три, ги прима од бившата фирма. Никако да повлече линија под пописот на приходи и расходи. И каде се тука уште облеката, стапчиња за

уши, жилети, шампон, сапун, макарони, моркови? Па и ориз заборави. И грав! Можеби тоа потсвесно го потиснал, за да не се запраша себеси како всушност преживува. Можно е и да не може да се повлече линија под таков список; еве, никаде не е спомната плинската боца, нема батерија за далечински, пасошот и личната карта исто така требаше да се платат... Но, без список, овој приговор воопшто не би вредел. Од списокот се гледа колку е невозможно човечките животи да се збијат во службени листови. За секоја ставка, би имал по нешто да каже или да напише, важно и корисно, кога би имало очи за читање и уши за слушање. На пример, зошто лотото секогаш игра со истите броеви, чии родендени се слават секој вторник?

Не е сета математика во параграфите и затезните камати.

Но, долг текст нема да објават ни весниците. Стариот Обоист се досетува дека ќе биде мудро ако ги фотографира доказите и фактите (една фотографија - илјада зборови). Ги оттурнува шишето, чашата, пепелникот, цигарите и далечинскиот, и на масата ги распоредува решението, уплатата и списокот на приходи и расходи. Го зема мобилниот телефон и по неколку погрешни обиди, ја активира камерата. На документите, покрај секој битен факт, поставува картонче со број, како полицијата на место на злосторството. Чкрап. Задоволен, се навалува на

фотелјата, ги подигнува нозете врз доказниот материјал и пали цигара. Чувствува како се опушта и како му се спушта притисокот.

Ќе го замоли синот писател и колумнист да ја постави фотографијата на интернет, а до неа да го допише само ова:

*Обврските кон ѓубрето ги подмирив уредно. Кога ѓубрето ќе ги изврши обврските кон мене?* ■

На прв поглед сѐ во расказиве и е и не е, и е вистина и е измислица. Расказиве се и не се автобиографски, а раскажувачките јас што во нив се јавуваат и се и не се Ненад Величковиќ. Всушност, тоа и не се раскази туку хибридна патописна проза која цело време се тетерави меѓу неверојатниот хумор и критичкиот ангажман.

Нашата „постмодерна состојба“ авторот со лирски, трагични и пародични тонови ја слика и како своевидно срце на темнината.

Единствената нишка што нѐ води надвор од лавиринтот на моралната дезориентираност се чини дека е нашата свест да го разликуваме доброто од злото. Затоа не изненадува што авторот се загубил некаде меѓу фикцијата и стварноста, и што од нас очекува да го пронајдеме и „истереме на чистина“ со помош на сопствениот морален компас.



Ненад Величковиќ е роден 1962 година во Сараево. Книжевноста ја „вежба“ и со студентите на Филозофскиот факултет во Сараево. Ги објавил романите „Коначари“, „Сахиб“ и „Таткото на мојата ќерка“; збирката раскази „Ѓавол во Сараево“; сатиричниот прирачник „Вива Сексико“ и книгата „Школокречина“.

МАГМА

**коло XXXV**

104 Ненад Јолдески **Секој со своето езеро**
105 Саша Илиќ **Падот на Колумбија**
106 Душан Чатер **Стариот пак е пијан**

**коло XXXVI**

107 Душан Чатер **Ценем**
108 Иванчица Ѓериќ **Босанците го трчаат почесниот круг**
109 Идлир Азизи **Толкувачот**

**коло XXXVII**

110 Виктор Иванчиќ **Vita Activa**
111 Андреј Платонов **Девствено море**
112 Горан Петревски **Одбрани трудови**

**коло XXXVIII**

113 Патрик Оуржедник **Европеана**
114 Ненад Величковиќ **Витез на шведската маса**
115 Емброуз Бирс **Басни**

слика на корицата: Владимир Лукаш